Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр.02-4660/124
Дата 25.09.2024 година
Скопје

Врз основа на член 28 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), член 98 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) (Универзитески гласник бр.417/2019, бр. 607/2022 и бр. 689/2024-анекс) и член 73 став 1 алинеја 13 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник 458/19 и 458/21-анекс), Наставно-научниот совет, на својата X – та редовна седница одржана на 25.09.2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на ОДЛУКАТА ЗА ПРАВИЛА НА СТУДИРАЊЕ на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирили и Методиј“ во Скопје – Медицински факултет - Скопје**

**Член 1**

Во ОДЛУКАТА ЗА ПРАВИЛА НА СТУДИРАЊЕ на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирили и Методиј“ во Скопје – Медицински факултет – Скопје (Униврезитетски гласник бр. 555/2021 година), во членот 36 став 5 бројот „**49**“ се заменува со бројот „**59**“.

**Член 2**

Во членот 37 став 1 точката се брише и на нејзино место се става запирка и се додава текстот ***„односно 200 ЕКТС-кредити на академски студии***“.

**Член 3**

Во член 53 став 6 бројот „**49**“ се заменува со бројот „**59**“.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Универзитетски гласник.

Д е к а н,
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- УКИМ
- Продекан за настава
- Одделение за студентски прашања
- Одделение за правни работи
- Архива